**20101462996**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за странците („Службен весник на Република Македонија” бр. 35/2006, 66/2007, 117/2008 и 92/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.11.2010 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ НА СТРАНЕЦ ЗА ПЕРИОДОТ НА ПРЕСТОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА ВРАЌАЊЕ ВО ДРЖАВАТА ОД КОЈА ДОАЃА ИЛИ ЗА ПАТУВАЊЕ ВО ТРЕТА ДРЖАВА

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на средствата за издржување на странец за периодот на престој во Република Македонија, за враќање во државата од која доаѓа или за патување во трета држава.

Член 2

Средствата за издржување за странец за периодот на престој во Република Македонија, за враќање во државата од која доаѓа или за патување во трета држава, се определуваат во висина од 50 евра во денарска противвредност на ден.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-6129/1
1 ноември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.